**Друштво за меѓународна и внатрешна**
**шпедиција со јавни и царински складишта**
**ФЕРШПЕД АД Скопје**
**Бр. 02- 1387/10**
**31.05.2022 година**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 56 став 1 точка 1 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, а во согласност со 384 став 2 точка 3 и член 384 став 5 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 31.05.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За измена на Статутот на друштвото**

Се врши измена и дополнување на статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје со арх. бр.02-1537/II-1/1 од 26.11.2019 година

**Член 1**

Во член 60 се дополнува став 5 со нова точка 7 која гласи:
"Обрасци за гласање со кореспонденција подготвени за преземање електронски од страна на акционерите од интернет страницата на Друштвото".

**Член 2**

По член 60 се додава нов член 60 -а кој гласи:
"Покрај учество во работата на Собранието со лично присуство или преку полномошник, согласно Законот за трговски друштва, Друштвото ќе им овозможи на акционерите да гласаат на Собранието со кореспонденција пред денот на одржување на Собранието.
Друштвото, пред да им овозможи на акционерите да гласаат со кореспонденција, може да побара претходно тие да го потврдат својот личен идентитет приложувајќи документи за лична идентификација во оригинал или во препис од оригинал (во копија) по избор на акционерите и без обврска за акционерите да го заверат кај нотар или да биде потврден од домашен или странски надлежен орган. Доколку Друштвото воспостави систем на внатрешна евиденција и регистрација на акционерите на кои истиот им е достапен, може да го примени тој систем како средство за идентификација на акционерите.
Гласањето со кореспонденција кое е извршено спротивно на одредбите од ставот 2 на овој член е ништовно."

**Член 3**

Се дозволува да се изврши корекција во целиот пречистен текст на статутот и да се корегираат сите технички грешки во називот на органот на управување ,,Управен одбор,, да се замени со зборовите ,,Одбор на директори,,

**Член 4**

Се овластуваат стручните служби преку овластен регистрационен агент по донесувањето на оваа Одлука од страна на Годишното Собрание на акционери на Друштвото да ја спроведат во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 5**

Се овластува Одборот на директори по донесувањето на оваа Одлука од страна на Годишното собрание на акционери на Друштвото, да изработи пречистен текст на Статутот на ФЕРШПЕД АД Скопје.

**Член 6**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение :**

Годишното собрание на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 31.05.2022 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**Годишно собрание на акционери**
**Претседавач**

___________________________